**Скопје, 14 јули**

**Заедничка изјава на Специјалниот претставник на ЕУ Сорен Јесен-Петерсен, Амбасадорот на Соединетите држави Лоренс Батлер, Шефот на Набљудувачката мисија на ОБСЕ во Скопје, Амбасадорот Карлос Паеш и Командантниот бригадир на НАТО Денис Близ**

"Срдечно го поздравуваме договорот постигнат од страна на власта за законите на територијална организација и Градот Скопје.

Договорот беше постигнат после долги и интензивни разговори помеѓу коалиционите партнери. Мултиетничката владина коалиција ја покажа својата способност да го стави интересот на земјата и нејзините граѓани на прво место при постигнувањето на договорот кој ќе ú донесе корист на целата земја.

Цврсто веруваме дека овој договор претставува рационален баланс преку кој целосно се почитува духот и словото на Охридскиот Рамковен договор, дека истиот ќе ја зацврсти локалната демократија на ниво на општини и дека е во силен интерес на сите заедници.

Договорот ја реафирмира заложбата на политичките партии за придвижување кон евро-атлантските структури преку целосна имплементација на Рамковниот договор, и меѓународната заедница е подготвена да ú помогне на власта со сите соодветни средства со цел да се забрза овој процес. Постигнувајќи согласност, партиите исто така уште еднаш ја потврдија својата посветеност на територијалниот интегритет, унитарниот и мултиетничкиот карактер на земјата, кои мора да бидат сочувани и рефлектирани во јавниот живот.

Усвојувањето на законите за децентрализација пред крајот на летото понатаму ќе овозможи локалните избори да се организираат во октомври како што е планирано. Со ова ќе се овозможи непопречена подготовка на имплементацијата на децентрализација. Временскиот распоред е веќе згуснат и напредокот мора да продолжи да се движи со брзо темпо. Во претстојниот дијалог очекуваме конструктивно вклучување од страна на опозицијата. Исто така, очекуваме парламентот да се движи со неопходното чувство на ургентност. Ова е од суштинско значење зашто понатамошното одлагање само ќе го попречи прогресот кон европската интеграција и идниот просперитет на оваа земја.

Процесот на децентрализација е од клучно значење за испораката на јавни услуги до граѓаните, за вистинска и суштинска локална демократија, како и за реформите во јавната администрација согласно модерните европски

стандарди. Го поздравуваме сигурниот и храбар чекор кој го презема власта со цел целосно да го отелотвори духот и словото на Охридскиот Рамковен договор."

- крај-